ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-5537/3
15.10.2025 год.
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр.18-5537/1, 29.09.2025г. од барателот Центар за истражувања и креирање политики (ЦИКП) Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**Се уважува барањето бр. 18-5537/1 од 29.09.2025 година**, поднесено од Центар за истражувања и креирање политики (ЦИКП), Скопје, и **се овозможува пристап до бараните информации од јавен карактер.**

Бараните информации се доставени во прилог на ова решение, Писмено бр. 18-5537/2, 14.10.2025г.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Центар за истражувања и креирање политики (ЦИКП) Скопје, на ден 29.09.2025 г. на имеил до Општина Крива Паланка достави барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под архивски број 18-5537/1, 29.09.2025г. Барањето е поднесено врз основа на член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019).

По спроведен увид, беше утврдено од органот дека информациите што се бараат се информации од јавен карактер и дека не постојат законски пречки за нивна достава. Со тоа се исполнети условите за одобрување на пристап, согласно член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019.

**Барателот со барањето бара три клучни информации и тоа:**

**Буџетски годишни програми со родово одговорни цели,влијание, родови индикатори, планиран и реализиран буџет за 2024 година.**

Согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), органот ја испорачува информацијата на начин и во форма наведени во барањето, во прилог на Решението со писмено број 18-.18-5537/2, 14.10.2025г.

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение, барателот има право на жалба преку органот до **Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**, во рок од **15 дена од денот на приемот на решението**, согласно член 35 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-5537/2
14.10.2025 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Ф 8.5/3-2

**ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**
**Координаторка за еднакви можности на жените и мажите**

**До службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**

## ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ

Согласно барањето бр. 18-5537/1, 29.09.2025г. пратено на имеил, со кое барате испорака на информација од јавен карактер согласно доставеното Барање од барателот Центар за истражување и креирање политики, Скопје, ви ја доставуваме бараната информација и тоа:

| Општина: Крива Паланка | | | |
|---|---|---|---|
| Број | Буџетска програма со родово одговорни цели, влијание и родови индикатори | Планиран буџет за 2024 во илјади МКД | Реализиран буџет за 2024 во илјади МКД |
| 1 | Програма за социјална, детска и здравствена заштита:<br>1)<br>- Еднократна парична и материјална помош<br>- Еднократна парична помош за лица со пречки во развој<br>- Ваучер за купување гардероба на лица корисници на услугата Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост<br>- Еднократна парична помош за новороденче<br>- Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба<br>- Субвенционирање за набавка на количка за новороденче<br>- Одбележување на интернационален ден на лицата со посебни потреби | 1.446.705,00 | 1.181.857,00 |
| | 2) Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција (Црвен Крст-Крива Паланка) | 200.000,00 | 200.000,00 |
| | 3) Аплицирање и импементација на проекти од МТСП, АВРМ, УНСП за Општинско корисна работа 2024/25 .Кофинансирање од страна на општината од 20%.<br>(396 000 УНДП, 99 000 општина) | 600.000,00 | 495.000,00 |
| | 4) Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.<br>1 212.239,00 МКД<br>68 320,00 МКД<br>(20% кофинансирање за истата мерка преку АВРМ) | 1.280.559,00 | 1.280.559,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Програма за активности во областа на културата и културните манифестации: | 15.165.800,00 | 14.668.681,0 |
| 3 | Програма за активности во областа на образование:<br>- Стипендии за талентирани ученици/чки, студенти/тки<br>- Еднократна парична помош на семејства со прваче<br>- Месечна субвенција за секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка (9 м. по 2000ден)<br>- Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка | 3.625.363,00 | 2.801.023,00 |
| 4 | Програма за активности во областа на спорт: | 2.575.000,00 | 2.475.333,00 |
| 5 | Програма за млади:<br>- финансиска помош за купен дигитален уред за студенти<br>- финансиска помош за купен дигитален уред за невработени лица до 29 години<br>- финасиска помош за купен велосипед за млади | 1.350.000,00 | 56.665,00 |
| 6 | Програма за активности во областа на еднаквите можности | 130.000,00 | 0,00<br>Реализирани активности без буџетски импликации |

Бараната информација ви ја доставуваме во форма и на начин согласно барањето од барателот.

Со почит.

Изготвил:
Гордана Ристовска
Координаторка за еднакви можности

Место и датум : 14.10.2025г.
Крива Паланка

Општина Крива Паланка
Одделение за финансиски прашања
Раководител
Марија Златановска